**З А П И С Н И К**
**од 42-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 14.11.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.00 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Мише Милошевски, Томе Милошовски. На седницата присутни беа претставници од основните училишта Марина Давидевска, Мирјана Пејчиновска, од СОУ „Крсте П Мисирков" Демир Хисар Сузана Мицевска, од ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар Цане Трајчевски, директорот на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар Славче Велљановски и Зоранчо Здравевески, од ЈКП „Комуналец" Демир Хисар Демир Хисар претставник Пецо Наловски. Директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски, претставник од ПС од општа надлежност Демир Хисар командирот на сообраќај Николче Јошевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 41 вата седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки.
Записникот беше усвоен со 11 „за" без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Извештај од извршениот увид во врска со заклучокот за безбедност на сообраќајот на патиштата и улиците на подрачјето на општина Демир Хисар.
2. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен перипод (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.
3. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година (втор ребаланс).
4. Донесување на Одлука за превземање на долг кој ЈКП „Комуналец" Демир Хисар го има кон ЕВН Хоме и Електродистрибуција.
5. Донесување на Одлука за кофинансирање на проектот „**Подобрување на условите за живеење во с.Белче преку реконструкција на локална улица бр.2**".
6. Донесување на Одлука за кофинансирање на проектот „**Подобрување на условите за спорт и рекреација на младите преку изградба на спортски игралишта**".
7. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација.
8. Усвојување на Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година.
9. Давање Согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2024-2025 година.
10. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на Сања Шилковски.
11. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави расправа, при тоа предложи точката 9. Извештај од извршениот увид во врска со заклучокот за безбедност на сообраќајот на патиштата и улиците на подрачјето на општина Демир Хисар да се разгледува како прва точка, а останатите редоследно ќе се поместат. Други забелешки и предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со измените.

***ТОЧКА 1. Извештај од извршениот увид во врска со заклучокот за безбедност на сообраќајот на патиштата и улиците на подрачјето на општина Демир Хисар***

За Извештајот од извршениот увид во врска со заклучокот за безбедност на сообраќајот на патиштата и улиците на подрачјето на општина Демир Хисар воведно излагање имаше Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, при тоа потенцијарќи патиштата треба да се безбедни за сообраќајо, затоа потребно е да се постави вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација, неколку свертни огледала и семафорите да се стават во функција. Командирот Николче Јошевски објасни за целокупната состојба и предлозите известени се СВР Битола има позитивно мислење од нивна страна за спроведување на овие мерки односно изготвување на сообраќајни проекти каде нема. Сообраќајните проекти за локалните патишта и улици се надлежност на општината таа треба да ги изготви и да ги реализира. За Сопотница во делот на регионалниот пат кој поминува низ селото потребно е да се направи измена на делницата ова е на товар на државата, но предходно треба да има барање од општината или од месната, тоа е долга постапка, не е сигурно дека ќе се одобри. За улицата Маршал Тито која се планираше еден дел да се прогласи еднонасочна дадени се насоки која е постапката, за тоа треба сообраќаен проект тоа е на товар на општината. Потоа нагласи за поставување на „легнати полицајци“ има стандарди на која локација кој тип се поставува. Каде има повеќе движење каде поминува амбулатно возило и возило на ТППЕ не се поставуваат гумени успорувачи. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни за Сопотница исто и за Жван кај училиштето да се поднеси барање за почнување на постапка, барањето можи да го изготви општината. Градоначалникот Никола Најдовски додаде тоа е регионален пат тешко ќе оди постапката. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски го посочи проблемот со минибусот за превоз на ученици во Стругово застанува на многу непрегледно место треба да се санира дел од улицата за да можи да се застанува малку понастрана и да се постави знак стоп на споредните патишта. Бидејќи немаше пријавено повеќе за дискусија претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се изготват проекти за сообраќајна сигнализација, а изготвените проекти да се реализираат, исто и за семафорите да се види со напојувањето со електрична енергија и да се стават во функција. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 2. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен перипод (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.09.2024 година***

Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен перипод (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 30.09.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска праша каква е финансиската состојба во училиштата дали му остануваат средства за инвестирање. Претставникот Мирјана Пејчиновска објасни во тек е набавка на смарт табли, телевизори, нагледни средства, како и инвентар за училниците столчиња, клупи. Сменети се патосите се планира со ребалансот да се исплати. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна со одлука на совет е одобрено две паралелки од ООУ „Гоце Делчев“ да оддржуваат настава во просториите од детската градинка, коректно е училиштето да учествува во трошоците процентуално, бидејќи детската градинка се соочува со финансиски проблеми. Претставникот Мирјана Пејчиновска објасни да се најде некој модел како можи да се префрлат средства. Претседателот на советот Љупчо Најдовски предложи да се најде модел како тоа ќе се реализира и да се учествува во делот на трошоците. Советничката Марина Димитријовска потсети за учество на патронатот на средното училиште. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен кварталниот извештај.

***ТОЧКА 3. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година***

Измените и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесено од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За измените во Буџетот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на измените и дополнувањата во Буџетот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за превземање на долг кој ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар го има кон ЕВН Хоме и Електродистрибуција***

Во врска со Одлуката за превземање на долг кој ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар го има кон ЕВН Хоме и Електродистрибуција збор имаше Градоначалникот на општината Никола Најдовски. Со вакви проблеми се соочуваат повеќе комунални претпријатија низ општините и тоа значително поголеми суми, затоа се оствари средба со член на УО на ЕВН. Ваквата состојба е резултат на високата цена на електричната енергија, посебно се одразува кај водоснабдителни системи кои ја препумпуваат водата како кај нас. Се разговараше општината да го превземи долгот да се плаќа на рати успеавме да издејствуваме плаќање на 60 рати. Во моментот плаќаме рати за превземен предходно долг ратата е 100.000, кој е веќе при крај на отплата така да оваа сума од 60.000 нема да ни претставува проблем. Основач на јавното претпријатие е општината и нема кој друг обврската е на општината, ако не го превземеме долгот ќе останеме без вода ќе биде исклучена струјата. Поради тоа ги повика сите да се издигнат над другите интереси да се даде поддршка на одлуката во интерес на сите е да не се дозволи исклучување на електричната енергија. За овај проблем единствено решение е ова, уште еднаш напомена дека општината нема да има проблем да ги сервисира обврските за плаќање на ратите. За 2025 ќе се бара покачување на цената на водата, споредено со сите градови Демир Хисар испорачува вода за пиење со најниска цена, цената не е променета многу години, а сите сме свесни како се движат цените. Имавме планирано проект за реконструкција на водоводната мрежа во Слепче, беше тргнат, па повторно вратен, со избирањето на изведувач на овај проект ќе бараме подизведувач да биди ЈКП „Комуналец“ , ќе се обидуваме да ги вклучиме во повеќе проекти кои ќе се реализираат во иднина како подизведувачи. Со донесувањето на оваа одлука сите правиме добра работа, потоа додаде ваквата состојба не се должи на тоа што таму се правело пустош, директорот ќе биди присутен ќе ви објасни, сето ова се должи на високите цени на електрична енергија и ниската цена на водата за пиење. Советникот Сашо Михајловски во својата дискусија истакна нерешените проблеми си остануваат, додаде дека не е против вработувањата, но кога се носеше планот за вработување на 9 лица директорот не уверуваше дека ќе се подобри ситуацијата, но не е така го прашувавме дали има решение за проблемот велеше нема. Свесни сме ако некому тежи ова тежи на општината, не е решение ако само даваме да се покрива долгот, важно е што ќе се преземе да не се продолжи истото ова е како бунар без дно. Дали се планира нешето да се преземе, да се лоцира проблемот и да се бара решение и да се зголеми цената на водата исто ќе е. Директорот велеше нема излез од тоа, не зборувам партиски сите советници знаат дека не е во ред, не е решение сега ќе му дајме да се покрие долгот, после пак ќе се направи долг и повторно ќе даваме. Потоа советникот Сашо Михајловски потсети на предходната седница кога се разгледуваше извештајот го прашавме директорот дали е реален извештајот, дали има конкретно решение што се презема што се планира за да се подобри состојбата. Градоначалникот Никола Најдовски објасни долгот е настанат после короната, цело време помагаме, тоа што директорот рекол нема решение не значи дека не бараме решение. Приходите не стигнуваат се зголемија расходите за плата на вработените на повеќе наврати, цената на струјата се зголеми, а цената на водата иста, приходите исти, вработувањата се на испразнети места по основ на пензионирање. И при вработувањето се водеше сметка се вработи механичар со тоа расходите за попрвака на возила се намалени, во делот на расходите нема репрезентации значи не се троши непродиктивно. Мора да се зголеми цената на водата да ги следи трошоците, ќе се залагам да му се дава работа да извршуваат тоа и го правиме, но тешко се покрива само за еден месец цената за потрошена електрична енергија е 900.000 денари, Демир Хисар е тој нема нови приклучоци, останато е постоечкото, се води сметка во расходниот дел секој денар каде се троши. Дајте сите предлози ќе ги разгледаме ќе прифатиме ова е за сите нас, овај износ кој го должат можи да го сервисира општината,

но треба решение сите ваши предлози се добредојдени да се најде решение. Се практикува во повеќе општини да се субвенционираат јавни претпријатија. Советникот Сашо Михајловски додаде никој не против никого, ако не се запре ваквото фукционирање само ќе се продлабочува, не сме биле за ништо против сме давале подршка, сега велиме што да се направи да се запре ова. Советникот Јордан Кромидаровски истакна предлог за спас е да се зголемат приходите, ако не можат да учествуваат на тендери да се вклучат како под изведувачи. Градоначалникот Никола Најдовски објасни забелешките се во ред, ќе се залагаме и понатаму да учествуваат во изведување на работи. Советничката Марина Димитријовска во својата дискусија истакна со оваа одлука се превзема долг од 4 милиони, но ова не е динственит долг сигурно има и други обврски немаме податоци колку е вкупниот долг, потоа праша дали самите можеа да направат договор за плаќање на рати, во насока на дискусијата додаде додека се исплати овај долг ќе се направи друг, да се најде решение, не се согласувам дека одлуките се носат партиски никогаш не бевме против предходно им беше дадено 800.000 денари компензација, во ребалансот се планирани повеќе од 900.000 денари за фактури сите за јавното претпријатие ако му се исплатат овие средства ќе се намали долгот. Во програма Е0 на ставка 421 планирани се 150.762 за исплата на спогодба за превземени обврски на ЈКП Комуналец. За ребалансот немавме забелешки затоа го гласавме со овие средства ќе се намали долгот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни договорот мора да го склучи општината score можи јавното претпријатие, потоа додаде во таа насока беше дискусијата и дадов образложение за да нема политика, што се однесува до ребалансот и сите други материјали службите се отворени можите да се информирате за се, да не тераме политика не треба да се доведе во прашање работата на претпријатието, сите сме засегнати треба да се даде поддршка уште еднаш ги повика сите да дадат предлози идеи се најде решение. Советничката Јасмина Јовановска праша сметката е 900.000 дали дел плаќаат и тие. Градоначалникот Никола Најдовски објасни сега е таа сметка 900.000 некој се помалку некој повеќе уште не толерираат. Претставникот од ЈКП „Комуналец" Пецо Наловски ги запозна советниците дека цената на струјата зависи од берзата, потоа направи ретроспектива како се движела цената на струјата и висината на сметката 2021-2024. Имено во 2021 година сметката била 309.340 односно 28% од приходите, во 2022 сметката била околу 380.000 35% од приходите во 2024 година 700.000 или 75 % од приходите, во 2021 година цената на електричната енергија на берза била 45 евра мегават час, а денес е 450 евра, тоа е причината што неможеме да ги плаќаме сметките. Исто така водоводите кои се преземени, а не се дел од Демир Хисар повеќе се фактурира сметка за електрична енергија од наплатата за потрошена вода и тоа за 40%. Јавното претпријатие нема од кого да побара помош општината е основач ќе бараме зголемување на цената на водата ќе има повеќе приходи, најголем проблем се 2023 и 2024 година. Последните фактури се 80% од приходите, максимално се штеди. Со оваа одлука ќе ни се помогни да можеме да ги сервисираме понатаму, ако продолжи да расте цената на електричната енергија на берзите ќе биде проблем. Има 9 населени места кои се преземени сите имаат поголема фактура за електрична енергија од сметките за потрошена вода кои ги наплаќаме. Самостојните водоводни системи се тешки за оддржување и многу не чинат, но и тие населени места треба да имаат вода за пиење. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски рече сите дискусии се на место, ме загрижува тоа што кога го прашав директорот што понатаму не рече ништо, исто така забелешка има што немаше деветмесечен извештај. Загрижува состојбата со водоводните системи по помалите населени места каде секој месец само од едно населено место се книжи загуба од 20.000 и повеќе тоа на годишно ниво се повеќе од 200.000. исто така додаде дека има сознание дека има доста загуба на вода дали се краде или има дефекти стари се водоводите затоа предложи екипа да се формира и да се направи контрола, главни приходи ви се водата и канализацијата, убаво е што можите да изведувате и градежни зафати како подизведувачи, исто има заштеда со локацијата на времената депонија оддржувајте и неа, да не се остави само да помагаме. Потоа предложи да се донесе одлуката за превземање на долгот, и да се бара решение што понатаму. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 7 „за" и 4 „воздржани".

***ТОЧКА 5. Одлука за кофинансирање на проектот „Подобрување на условите за живеење во с.Белче преку реконструкција на локална улица бр.2“***

За Одлуката за кофинансирање на проектот „Подобрување на условите за живеење во с.Белче преку реконструкција на локална улица бр.2“ објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена одлуката, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Одлука за кофинансирање на проектот „Подобрување на условите за спорт и рекреација на младите преку изградба на спортски игралишта“***

Одлука за кофинансирање на проектот „Подобрување на условите за спорт и рекреација на младите преку изградба на спортски игралишта“објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена одлуката, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

За Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше донесена Одлуката против и водржани немаше.

***ТОЧКА 8. Финансиски извештај на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година***

Финансискиот извештај на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 30.09.2024 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. За извештајот немеше дискусија. Со усвојување на извештајот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Согласност на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2024-2025 година***

За Согласноста на Ценовник со спецификација за зимско одржување на локални патишта во општина Демир Хисар за 2024-2025 година немаше забелешки. Советниците предложија по потреба да се чисти и до манастирите во Слепче, Журче и Смилево. Со 9 „за“ беше донесен ценовникот против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1186/2<br>26.12. 2024 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Љупчо Најдовски с.р.